**ФАКОМ, АД – Скопје**
**С.О бр.01**
**08.06.2020 год.**
**Скопје**

# З А П И С Н И К

Од одржаната седница на Собрание на акционери на ФАКОМ АД Скопје.

Седницата се одржа во просториите на ФАКОМ АД Скопје, бул. Александар Македонски бр. 18 на ден 08.06.2020 година со почеток во 13:00 часот.

Вкупниот број на акции во Друштвото со право на глас е 67.000, а присуствуваа според верификуваниот список следните акционери, нивни застапици или полномошници: Repro One Limited преку полномошник Иван Цветковски од Скопје за 40.000 (четириесетилјади) акции со право на глас, Repro One Limited преку полномошник Славица Чикова од Скопје за 25.145 (дваесетипетилјадисточетириесетипет) акции со право на глас, Абдула Исмаили за себе со 30 (триесет) акции со право на глас и Сашо Станковски за себе со 77 (седумдесетиседум) акции со право на глас.

Присутни се г-ѓа Снежана Сиљановска, член на Управен Одбор и Бојан Јордановски, Директор на РЕ Инженеринг и Татјана Папастеревска, Раководител на служба за внатрешна ревизија.

Собранието е свикано врз основа на Одлука на Управен Одбор на Друштвото У.О. 35 од 29.04.2020 година. Повикот за учество на собрание на акционери е објавен во Весникот Нова Македонија на 06.05.2020 година.

1. **Претседавачот од претходната седница, г-ѓа Славица Чикова од Скопје, ги информира присутните дека предлози за измени и дополнувања на дневниот ред не се поднесени, а материјалите за седницата беа дадени секој да ги има на увид на начин согласно Закон, списокот на присутни го стави на јавен увид, ја отвори седницата и го објави кворумот на претставената главнина, односно објави дека присуствува потребното мнозинство и тоа акционери кои претставуваат 65.252 или 97,39% од вкупниот број на акции со право на глас 67.000, според акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 08.06.2020 година, по што ја отвори седницата.**

   **За работата на Собранието беше предложен и усвоен следниот :**

## ДНЕВЕН РЕД

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на записничар и двајца заверувачи на записник
4. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен ред**

5. Разгледување и усвојување на записник од претходна седница на Собрание на акционери, со Предлог Одлука,
6. Одобрување и усвојување на Годишна сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за деловната 2019 година, со Предлог Одлука,
7. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи, за 2019 година, со Предлог Одлука,
8. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година, со Предлог Одлука,
9. Донесување на Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2019 година, со Предлог Одлука;

10. Донесување на Одлука за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, со Предлог Одлука;
11. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото, со Предлог Одлука,
12. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото, со Предлог Одлука;
13. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година, со Предлог Одлука.

2. **Претседавачот отвори расправа по предлогот за избор на претседавач на седницата, за која како претседавач е предложена Славица Чикова од Скопје, по што се стави на гласање следната:**

**ОДЛУКА**
**за избор на претседавач на Собрание**

1. За претседавач на Собранието се избира Славица Чикова, дипл.правник.
2. Мандатот на претседавачот на Собранието трае до избор на претседавач на наредното Собрание.
3. Претседавачот на Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата со Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата со Собранието.
4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„ЗА'' донесување на Одлуката за избор на претседавач на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' и „ВОЗДРЖАНИ'' нема.
Претседавачот од претходното собрание контатира дека за претседавач на ова Собрание едногласно е избрана Славица Чикова.

3. **Претседавачот го информираше присутните дека согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ФАКОМ АД Скопје треба да се изберат записничар и двајца заверувачи на записникот. Бидејќи никој не се јави за дискусија, претседавачот ја стави на гласање следната:**

**ОДЛУКА**
**за избор на записничар и двајца заверувачи**

1. За записничар и двајца заверувачи на Записникот што се води на оваа седница (08.06.2020 година) се избираат:
   **- За записничар:**
   **Анастасија Божинова**

   **- За заверувачи на записник:**
   **Иван Цветковски**
   **Абдула Исмаили**

2. Записникот се подготвува најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со Собранието, а го заверуваат избраните заверувачи од точка 1 на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„ЗА''донесување на Одлуката за записничар и на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' и „ВОЗДРЖАНИ'' нема.
Претседавачот констатира дека за записничар и двајца заверувачи на Записникот едногласно е избрана Анастасија Божинова, за заверувачи на записникот се избрани Иван Цветковски и Абдула Исмаили.

4. **Претседавачот ги информираше присутните дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ФАКОМ АД Скопје треба да се изберат и бројачи на гласови, по што на предлог на претседавачот се донесе следната:**

**О Д Л У К А**
**за избор на бројачи на гласови**

1. За бројачи на гласови при донесување на одлуки по утврдениот ред за оваа седница (08.06.2020 година) се избираат:

- **ДОБРЕ НАУМОСКИ**
- **ВИОЛЕТА АВРАМОВСКА**

2. Бројачите на гласови утврдени во точка 1 на оваа Одлука имаат задача при донесување на секоја одлука по точките од дневниот ред да ги изобројат вкупниот број гласови "ЗА", "ПРОТИВ" и "ВОЗДРЖАНИ" и за истите да го известат претседавачот со Собранието за резултатите од гласањето.
За секоја одлука бројачите на гласови изготвуваат писмен извештај во кој се утврдува и кворумот за работа на Собранието.
Врз основа на писмениот извештај – за кворумот за работа и резултатите од гласањето, претседавачот со Собранието констатира, односно објавува дали одлуката за која се гласа е донесена.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„ЗА''донесување на Одлуката за избор на бројачи на гласови на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' и „ВОЗДРЖАНИ'' нема.
Претседавачот констатира дека за бројачи на гласови едногласно избрани се Виолета Аврамовска и Добре Наумоски.

**Претседавачот појасни дека е завршен процедуралниот дел и дека се преминува на работниот дел од дневниот ред.**

5. **Претседавачот на седницата ја отвори расправа по Записникот од претходната седница на Годишното Собрание на акционери одржана на 05.06.2019 година. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот го стави на усвојување.**

„ЗА'' донесување на Разгледување и усвојување на записник од претходна седница на Собрание на акционери на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, со што „ПРОТИВ'' нема, а „ВОЗДРЖАН'' гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови. Претседавачот констатира дека Записникот од претходното собрание на акционери одржано на ден 05.06.2019 година полноправно е усвоен.

6. **Се пристапи кон разгледување на точката на дневниот ред – Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работата на Друштвото во 2019,**

Претседавачот збор му даде на Директорот на РЕ Инженеринг Бојан Јордановски, кој изнесе дека во периодот од 01.01 до 31.12.2019 година, Друштвото оствари позитивен финансиски резултат во износ од 2.780.902 денари, додека вкупните приходи за 2019 година изнесуваат 1.148.133.356,00 денари.

Остварената структура на приходот укажува дека 69% е реализирана на странски пазар, 27% на домашен пазар, а 4% од останат приход.

Оствареното производство на ниво на ФАКОМ во 2019 година изнесува 19.386 екв тони.

Поради различноста на производите, остварените резултати на полето на физичкиот обем ќе ги разгледаме преку остварувањето на работните единици – РЕ Производство и РЕ Монтажа.

РЕ ПРОИЗВОДСТВО

Остварениот физички обем во РЕ Произвдоство во 2019 година изнесува 10.396 екв тони.
Во структурата на оствареното производство доминира челичната конструкција (7.230 екв тони) со 70% учество од вкупните производи.
Втори по застапеност со 2.042 екв тони се услугите кои зафаќаат 20 % од вкупното производство.
На овие 2 производи отпаѓа 90% од вкупното производство.
Трет производ по застапеност во оваа година е опремата со 956 екв тони и завзема 9 % од вкупното производство.
Поголеми ангажмани и испораки во 2019 година, РЕ Производство оствари за следните комитенти:
- Финкантиери Италија – изработка на заварени носачи (4.203 тони),
- Векома – изработка на челични платформи и столбови ( 900 тони),
- Ѓуро Ѓакович Монтажа – префабрикација на плаштови за резервоари (453 тони),
- Солергон – изработка на заварени носачи (174 тони),
- Rockyi Mountain – изработка на челична конструкција (162 тони),
- Andvare Europe – изработка на челична конструкција за транспортери ( 917 тони)

Ако ја анализираме остварената продуктивност, ќе забележиме дека просечната потрошувачка на норма часови за производство на 1 екв тон изнесува 40.06 часа т.е имаме намалување на потребното работно време на производните работници.
Во 2019 година за оствареното производство беа потрошени вкупно 416.348 часа или 4 % помалку часови во однос на 2018 година, додека во однос на планот потрошеното време е помало за 13 % што укажува на подобрена продуктивност.
Просечниот број на вработени во 2019 година е намален за 2 работника во однос на 2018 година, додека во однос на планот бројот на вработени е зголемен за 9 лица.
Во рамките бна прозиводните часови направени се вкупно 60.719 прекувремени часови што значи помалку за 17 % во однос на 2018 година или во апсолутна бројка (9.579 помалку прекувремени часа). Додека на ниво на РЕ Производство исплатени се вкупно 80.257 прекувремени часови за разлика од 2018 година (99.595 прекувремени часови).

РЕ МОНТАЖА

РЕ Монтажа во 2019 година оствари 8.989 екв тони.

Во структурата на производството во 2019 година во РЕ Монтажа и понатаму најдоминантно место имаат услугите со 8.426 екв тони и учество од 94% , а потоа следува челичната конструкција со учество од 6 %.
Поголеми ангажмани во 2019 година РЕ Монтажа оствари во :
- РЕК Битола – 29.916 часови
- РЕК Осломеј – 1.916 часови
- Макстил – 59.186 часови
- БЕТОН АД – 4.552 часови
- Цементара Титан Усје – 39.026 часови

- Arcelor Mittal – 5.022 часови
- ЕУРОНИКЕЛ – 2.092 часови
- ЕВН – 12.044 часови

Остварената продуктивност во 2019 година укажува дека за производство на 1 екв тон во РЕ Монтажа потрошени се 17,02 часа и е скоро иста во однос на лани.
Во изминатата 2019 година во РЕ Монтажа потрошени се вкупно 153.004 часа додека бројот на вработените во РЕ Монтажа е намален за 15 вработени во однос на 2018 година т.е намалувањето изнесува 11%.
Исплатените прекувремени часови на производните работници во 2019 година изнесуваат 36.250 часа или помалку за 15.899 часа во однос на 2018 година (52.149 часа).

За истата точка образложение даде и г-ѓа Снежана Сиљановска, член на Управен Одбор, која наведе дека во периодот од 01.01.-31.12.2019 година Друштвото оствари позитивен финансиски резултат во износ од 2.780.902 ден. наспроти добивката за истиот период од 2018 која изнесуваше 15.458.143 ден. Намалувањето се должи на намалените приходи од редовното работење, односно намалениот обем на започнати работи и договори од минатата година и оваа динамика го одредува обемот и финансискиот резултат што се оствари во 2019 г. Вкупните приходи за 2019 г. изнесуваат 1.148.133.356 ден и истите се намалени за -17% или за 235.699.624 ден. во однос на 2018 год.
Остварената структура на приходот покажува дека 69% од оперативниот приход припаѓа на приход од странски пазар, 27% на домашен пазар, а 4% на останат приход. Во структурата на приходи имаме зголемување кај останатите приходи од работење а тука спаѓаат приходите од наплата на штета и приходите по основ на добиени судски спор. Во структурата на трошоците на продажба големо зголемување има кај надворешните услуги (коопeранти) 106.030.562 ден, (2019) наспроти 17.551.956 ден. во 2018 год. Административните расходи (вкупно) се приближно на исто ниво како и лани +0,50%, но во структурата на овие трошоци имаме зголемување кај трошоците на вработените 159% кое произлегува од теренскиот додаток кој се исплаќа на нашите вработени во Италија. Активата за периодот од 01.01.-31.12.2019 год. изнесува 1.193.985.408 денари и е за +17,41% поголема во однос на истиот период од 2018 г. Зголемувањето е резултат на зголемените тековни средства а тука спаѓаат побарувањата од купувачи и другите побарување по основ на дадени заеми во земјата, зголемените аванси и залихи. Показателот на вкупната задолженост е зголемена како резултат на зголемените тековни обврски од билансот на состојба.
Показателот бруто профитна маржа е со позитивна вредност и зборува дека друштвото крајот на годината 2019 ја завршила со позитивен финансиски резултат од 2.780.902 денари.
За збор се јави Сашо Станковски кој наведе дека минатата година добивката била 15.458.144,00 денари а оваа година 2.780.902,00 денари и истото е нелогично толку малку да има добивка. И ако се земе во предвид дека половина од истата е во инвестиции за што е инвестирано.
На истото г-ѓа Снежана Силјановска додаде дека морало да се искористат 14 милиони во захила по предметот со Пула. Намалувањето се должи на намалените приходи од редовното работење, односно намалениот обем на започнати работи и договори од минатата година. Најголем проблем е во ликвидноста во готов производ кој е во износ од 2 милиони денари.

**По завршување на расправата, Претседавачот ја стави на гласање следната :**

**ОДЛУКА**
**за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01 - 31.12.2019 година**

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на ФАКОМ, АД - Скопје за период 01.01. - 31.12.2019 година со следните показатели:

- Остварени приход 1.148.133.356
- Остварена добивка пред оданочување 1.145.352.454

- Данок на добивка /
- Остварена добивка по оданочување 2.780.902

2. Извештаите од точка 1 се составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„ЗА''донесување на Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01 - 31.12.2019 година на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и „ВОЗДРЖАНИ'' нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период од 01.01.-31.12.2019 година е полноправно е усвоена.

7. **Се пристапи кон разгледување на точката од дневниот ред – Извештајот за извршена ревизија за 2019 година, по која претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е ревизискиот извештај.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„ЗА''донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и „ВОЗДРЖАНИ'' нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година е полноправно е усвоена.

8. **Се пристапи кон разгледување на точката од дневниот ред – Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година.**

Претседавачот збор и даде Раководителот на службата за внатрешна ревизија, Татјана Папастеревска. Истата наведе дека работата на службата за внатрешна ревизија се засноваше на спроведување на редовните ревизии планирани во годишниот план за 2019 година, согласно кој беа опфатени позначајни сегменти од работењето на Друштвото, а со цел проверка на постоењето и почитувањето на процедурите и регулативите, проверка на ажурноста во работењето, сé со цел - добивање објективно мислење за дејствувањето на системот на интерни контроли, во функција на ефикасно извршување на деловните процеси. Извршените ревизорски прегледи се во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2019 година. Во текот на ревизорските прегледи одговорните лица беа редовно и навреме информирани за сите позначајни информации. Извештаите за поединечните области на ревизија беа доставени и

потврдени од одговорните лица на одделните области на ревизија. Оваа ревизија е спроведена од аспект на следење и почитување на воспоставените процедури при разработка на спецификација, измена и дополнување на проектот, почитување на регулативите, стандардите и деловните политики, а со цел потврдување дека воспоставените контроли овозможуваат непречено и ефикасно извршување на функацијата. Проектната активност подлежи и на строги и прецизни регулативи и прописи, кои во потполност се почитуваат. Документацијата примена од нарачателот (преку комерцијален сектор), комплетирана со потребните цртежи и други податоци се движи согласно утврдениот тек. Констатирани се голем број книжни задолженија / одобренија во Р.Н. 6408 FINCANTIERI, дадена е препорака за поголема координација помеѓу комерцијалистите и проектантите со нарачателот. Констатираните наоди се со низик ризик и претежно се однесуваат на поголема примена на интегрираниот софтвер. Дадени се препораки за креирање на одредени документи во Pantheon. Врз основа на поединечните ревизорски прегледи, извршени преку контрола на избрани примероци, набљудување на процесите и интервјуа, Внатрешната ревизија стекна разумно уверување дека интерните контроли функционираат на задоволително ниво, а активностите се во согласност со имплементираните политики и процедури а ризиците се адекватно контролирани.

**Будејќи никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање следната:**

**О Д Л У К А**
**за одобрување на Извештајот на**
**Службата за внатрешна ревизија на Друштвото**

1. Се одобрува Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за деловната 2019 година.
2. Составен дел на оваа Одлука е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото.
3. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето

„ЗА''донесување на Одлуката за одобрување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и „ВОЗДРЖАНИ'' нема. Претседавачот констатира дека Одлуката за одобрување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година е полноправно е усвоена.

**9. Се пристапи кон разгледување на точката од дневниот ред – Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2019 година.**

За збор се јави Сашо Станковски, кој бараше да се изврши спецификација на сите добивки и да се утврди вкупната сумата која е потрошена за инвестиции односно истото да се утврди од 2007 година па се до денес.

**По завршување на расправата, Претседавачот на собранието ја стави гласање следната:**

**ОДЛУКА**
**за употреба на нето добивка за финансиската 2019 година**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на остварената нето добивка за финансиската 2019 година која изнесува 2.780.902,00 денари од кои 50% ќе се искористат за инвестиции.

2. Одлуката да ја спроведе финансовиот сектор на друштвото.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„ЗА''донесување на Одлуката за употреба на нето добивка за финансиската 2019 година на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и „ВОЗДРЖАНИ'' нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за употреба на нето добивка за финансиската 2019 година е полноправно е усвоена.

**10. По точката од дневниот ред одобрување на Одлуката за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар. Бидејќи никој не се јави за дискусија, претседавачот ја стави на гласање - Одлуката за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар и тоа:**

**ОДЛУКА**

**за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на нераспределената добивка од 2009 год. во износ од 5.000.000,00 ден. за исплата на дивиденда, во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија.
   Износот претставува бруто дивиденда што се исплаќа согласно со оваа Одлука и ги вклучува сите даноци, кои што ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно со важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.
2. Со оваа Одлука Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда во износ од 5.000.000,00 ден, која се распределува во согласност со Одлуката на Собрание за распределба на дел од добивката од 2009 година на Друштвото со ист датум и се врши утврдување на датуми при исплата на дивиденда и тоа:

- Износ на дивиденда за една акција во бруто износ изнесува 74,63 денари.
- Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2009 година е 18.06.2020 година.
- Датумот на евиденција на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2009 година е 22.06.2020година.
- Прв датум на тргување без право на дивиденда е 19.06.2020 година.
- Исплатата на дивидендата ќе се изврши најдоцна до 30.09.2020 година.
- Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.
- Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со исплатата на дивиденда, со соодветно известување по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

„ЗА''донесување на Одлуката за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, „ПРОТИВ'' гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и „ВОЗДРЖАНИ'' нема.

Претседавачот констатира дека Одлуката за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар е полноправно е усвоена.

11. **По точката од дневниот ред одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор, Претседавачот на Собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија, претседавачот го стави на гласање – Одобрување на работата на секој член на Управниот Одбор и тоа:**

- „ЗА'' Мартин Велковски – Претседател на Управниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** нема и **„ВОЗДРЖАН''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови.
- „ЗА'' Снежана Сиљановска –Член на Управниот Одбор гласаа присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ''** нема.
- „ЗА'' Бојан Јордановски – Член на Управниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** нема и **„ВОЗДРЖАНИ''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови.
- „ЗА'' Игор Трајковски – Член на Управниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ''** нема.
- „ЗА'' Димче Галовски – Член на Управниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови,, **„ПРОТИВ''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ''** нема.

По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор за деловната 2019 година на секој член на Управниот Одбор, Претседавачот констатира дека полноправно е донесена:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Управниот одбор на ФАКОМ АД Скопје за деловната 2019 година на:

- Мартин Велковски - Претседател на У.О. - Генерален директор
- Снежана Сиљановска - Член на У.О.
- Бојан Јордановски - Член на У.О. - Директор на Р.Е. Инженеринг
- Димче Галовски - Член на У.О. – Директор на РЕ Монтажа

- Игор Трајковски - Член на У.О. – Директор на РЕ Производство

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

12. **По точката од дневниот ред одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор, Претседавачот на Собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија, претседавачот го стави на гласање – Одобрување на работата на секој член на Надзорниот Одбор и тоа:**

- „ЗА'' Минчо Јорданов – Претседател на Надзорниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ''** нема.
- „ЗА'' Горан Мауровски – Член на Надзорниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ''** нема.
- „ЗА'' Наташа Јорданова Мауровска – Член на Надзорниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ''** нема.
- „ЗА'' Ѓорѓи Савов – Член на Надзорниот Одбор гласаа сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ'' и „ВОЗДРЖАНИ''** нема.

По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор за деловната 2019 година на секој член на Надзорниот Одбор, Претседателот констатира дека полноправно е донесена:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД Скопје за деловната 2018 година на:

| | |
|---|---|
| Минчо Јорданов | - Претседател |
| Ѓорѓи Савов | - Независен Член |
| Горан Мауровски | - Член |
| Наташа Јорданова Мауровска | - Член |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

13. **По точката од дневниот ред Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година. Претседавачот на седницата отвори расправа, бидејќи никој не побара збор Претседавачот ја стави на гласање следната:**

**О Д Л У К А**
**за назначување(одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ФАКОМ АД – Скопје за 2020 година**

1. За ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година се одредува :

**Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО-Скопје.**

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

„ЗА''донесување на Одлуката за назначување (одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ФАКОМ АД – Скопје за 2020 година на седницата на Собранието сите присутни акционери со 65.252 или 97,39% од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ''** нема и **„ВОЗДРЖАН''** гласаше еден од присутните акционери кои поседува 77 или 0,11 % од вкупниот број 67.000 гласови.
Претседавачот констатира дека Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година е полноправно донесена.

Седницата заврши 14:00 часот.

Составен дел на Записник се:
- Список на верифицирани акционери заверен од претседавачот и записничарот,
- Извод од акционерска книга издадена од ЦДХВ на ден 08.06.2020 година
- Одлука на Управниот Одбор
- Јавен оглас објавен во дневниот весник Нова Македонија
- Известување од Repro One limited
- Полномошно од Славица Чикова
- Полномошно од Иван Цветковски
- Записник со преглед на спроведено гласање
- Одлуки по материјалот по дневен ред

Записничар:
Анастасија Божинова

Заверувачи на записник:
1. Иван Цветковски
2. Абдула Исмаили

ФАКОМ АД Скопје
СОБРАНИЕ
Претседавач,
Славица Чикова, дипл.правник